**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**
Факс: **+389 48 407 452**

# ИНТЕГРИРАНА ПОЛИТИКА

П.И„ВИТАМИНКА“А.Д. - Прилеп, водејќи сметка за контекстот на организацијата, како и стратешкиот правец на истата, се определува во целост да ја спроведува ПОЛИТИКАТА ЗА КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНА ХРАНА, ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЕНЕРГИЈА И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, која е рамка за воспоставување и прегледување на дефинираните цели за овие менаџмент системи, а чии основни принципи се:

- Задоволување на барањата на купувачите и сите заинтересирани страни, како и зголемување на нивното задоволство со производство на квалитетни и безбедни производи, заштита и управување со животната средина, обезбедувајќи при тоа активна екстерна комуникација;
- Континуиран развој на бизнисот со постојана одговорност за обврските кон општеството и континуирано превенирање и подобрување на животната средина, континуирано подобрување на перформансите (намалување на потрошувачката на енергија и вода);
- Идентификување на ризиците кои предизвикуваат губиток на профитот и купувачите, но и загадување на животната средина, загрозување на безбедноста и здравјето при работа и нивно брзо и ефикасно елиминирање;
- Создавање коректни односи со добавувачите на производи и надворешни услуги, континуирано следење на нивните перформанси, имајќи при тоа увид во нивното влијание врз заштитата и управувањето со животната и работната средина;
- Набавка на енергетски ефикасни производи и услуги, како за секојдневно работење, така и при реализација на нови проекти, секогаш кога тоа е применливо;
- Обезбедување нулта ниво на смртни случаи и повреди при работа кои имаат за последици траен инвалидитет;
- Обезбедување нулта ниво на изгубено работно време поради повреди при работа и обезбедување здрава и безбедна работна средина, како на вработените, така и на сите присутни во работното окружување;
- Мотивирање на вработените и акционерите и исполнување на нивните потреби во согласност со утврдените норми, можности и овластувања;
- Перманентна едукација и стручно оспособување на вработените, водејќи притоа сметка и за нивниот удел во производството на безбедна храна, заштитата и управувањето со животната и работната средина, како и врз потрошувачката на енергија и вода;
- Постојано одржување на чувството на одговорност и исполнување на сите барања на стандардите за квалитет, безбедна храна, животна средина, енергија, безбедност и здравје при работа, кај сите вработени и на сите нивоа, преку нивна консултација и партиципација, обезбедувајќи при тоа активна интерна комуникација;
- Постојана грижа за подобрување на условите за работа, опремата и знаењето на вработените, како и континуирано преземање мерки за заштита и подобрувањето на животната и работната средина;
- Собирање и документирање на податоци за потрошена енергија и вода за постигнување на целите за подобрување на перформансите (намалување на потрошувачката).

За исполнување на овие принципи „Витаминка“ ги има воспоставено и доследно ги применува и подобрува Системите за управување со квалитет, животна средина, енергија и безбедност и здравје при работа усогласени со барањата на стандардите ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001 и ISO 50001, Системот за анализа на ризикот во критичните контролни точки - HACCP систем, усогласен со принципите и препораките на Joint WHO/ FAO Codex Alimentarius Commission, стандардот ISO 22000, стандардот IFS, стандардот UTZ и стандардот HALAL, секако почитувајќи ги притоа сите важечки законски прописи и негувајќи Култура за безбедна храна.

Прилеп, 10.01.2022 год

Генерален извршен директор
Дипл.екк. Сашо Наумоски